**ОПШТИНАЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

| | |
|---|---|
| **Надлежност :** | **Совет на општина Ѓорче Петров** |
| **Предлагач :** | **Градоначалник на општина Ѓорче Петров** |
| **Изготвувач :** | **Сектор за нормативно-правни работи, работа со Совет и јавни набавки** |

# ИЗВЕШТАЈ
**за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година**

**Скопје, Декември 2021 година**

## ИЗВЕШТАЈ
**за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на општина Ѓорче Петров за период од 01.01. до 30.09.2021 година**

За реализирање на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи за 2021 година, општината Ѓорче Петров ги превзема низа активности за нејзино остварување.

Програмските цели во тековниот период се остваруваа по приоритет, при што предност за реализација имаа оние делови од програмата кои допринесуваа за спречување на настанувањето на природните непогоди и други несреќи на територијата на општината.

За остварување на програмските активности, општината ги стави во функција потребните човечки ресурси, материјално-техничките средства и секако расположливите финансиски средства. Со ваквиот приод сметаме дека во основа програмските задачи по оваа Програма се реализирани, со исклучок на некои предвидени активности кои бараа поголема финансиска подршка, а таква подршка општината немаше во овој извештаен период.

А. Реализирани програмски активности

1.Извршено е ажурирање на проценатa на загрозеноста од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Ѓорче Петров.

2. Усвоен правилник за заштита од пожари

Со изготвените документи се поставени потребните основи во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи на ниво на општина, кои во иднина треба да се надградуваат.

3.Извршени се потребните сервисирања и одржување на противпожарните апарати кои се набавени за потребите на општинските објекти согласно законските нормативи и истите се распоредени во урбаните и месните заедници, општинскиот објект, центарот на културата, реонскиот парк, повеќенаменските спортски игралишта, стадионите, спортската сала „Христо Батанџиев", секторот за урбанизам просториите на одд. за легализација и просториите на службата за инспекција.

Исправноста и одржувањето се врши од страна на овластена фирма за оваа намена избрана во постапка за јавна набавка ангажирана од општината.

За 2021 година, потрошени се 15.221,оо денари, сервисирани се сите противпожарни апарати.

4.Редовно се врши пролетна и есенска дератизација на шахтите на територијата на општината од страна на овластена фирма, ангажирана од општината како и дезинфекција на објектите кои се сопственост на општината, основните училишта и детската градинка ЈОУДГ „ Росица". За 2021 година, потрошени се 514.908,оо денари.

4.Осигурувањето на општинските објекти, сите основни и подрачни училишта објектите на ЈОУДГ „Росица", урбаните и месните заедници, центарот за култура и спортската сала „Христо Батанџиев", тековно се осигуруваат. За 2021 година, потрошени се 24.500,оо денари

5. Зимското одржување на улиците и патиштата на територијата од Општина Ѓорче Петров, тековно се остварува. За 2021 година, потрошени се 4.680.470,оо денари.

6. За чистење и одржување на оџаците на општинските објекти, објектите на основните и подрачните основни училишта, објектите на ЈОУДГ „Росица“, потрошени се 186.015,00 денари

7. За еднократна финансиска помош на граѓани за штети кои се настанати од природни непогоди и други несреќи во 2020 година се исплатени 402.511,00 денари од конто Совет на општина Ѓорче Петров во 2021 година.

Б. Не реализирани програмски активности

1.Опремувањето со облека, обувки и средства за работа, за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување не е целосно реализирано.

2.Организирање на обука за вработените во општинската администрација од областа на заштитата и спасувањето, а посебно противпожарната заштита.

3.Организирање на предавања за вработените и учениците од Основните училишта и за вработените во ЈОУДГ „ Росица“ од Општината,од областа на заштитата и спасувањето

- Противпожарна заштита и
- Заштита од земјотреси

Изготвување на план за евакуација на вработените

4. Сервисирање и одржување на хидрантската опрема во објектите на општината.

5.Одржување на громобранските инсталации на сите објекти сопственост на општината

**Рекапитулар на П Р О Г Р А М А**
**за заштита, спасување и управување со кризи за 2021 година**

| | Краток опис на програмската активноста: | Предвидени средства за реализација на програмската активнос | Реализирани средства за програмската активнос |
|---|---|---|---|
| 1. | Облека и обувки за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување | 50.000,00 денари | 7.505,00 денари |
| 2. | Организирање на еднодневна обука со припадниците определени во универзалната единица за заштита и спасување | 30.000,00 денари | / |
| 3. | Организирање на предавања за вработените и учениците од Основните училишта и за вработените во ЈОУДГ „ Росица“ од Општината,од областа на заштитата и спасувањето<br>• *Противпожарна заштита и*<br>• *Заштита од земјотреси*<br>• *Изготвување на план за евакуација на вработените* | 40.000,00 денари | / |
| 4. | Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати во општината, месните и урбаните заедници. | 120.000,00 денари | 15.221,00 денари |
| 5. | Сервис и одржување на хидрантската опрема во објектите на општината | 50.000,00 денари | / |
| 6. | Редовна дезинфекција и дератизација на општинските објекти ,Основните училишта, објектите на ЈОУДГ „ Росица“ и шахтите на територијата на општината | 900.000,00 денари | 514.908,00 денари |
| 7. | Осигурување на општинските објекти ( објектите на општинската администрација,објектите на општинските основни училишта, објектите на детската градинка, урбаните и месните заедници, Центарот за култура и Спортската сала | 250.000,00 денари | 24.500,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | „Христо Батанџиев" с.Ново Село и магацини. | | |
| 8. | Зимско одржување на сервисните и станбените улици и на локалните патишта на територијата на општината 2020/2021 година | 7.000.000,00 денари | 4.680.470,00 денари |
| 9. | Одржување на громобранските инсталации на сите објекти сопственост на општината | 50.000,00 денари | / |
| 10. | Чистење на оџаците на општинските објекти, објектите на општинските основни и подрачните училишта и објектите на детската градинка, тоа два пати годишно | 295.000,00 денари | 186.015,00 денари |
| Предвидени средства | | 8.785.000,оо денари | |
| Реализирани средства | | 5.831.130,оо денари | |
| Не реализирани средства | | 2.953.870,оо денари | |
| 11. | Еднократна финансиска помош на граѓани за штети кои се настанати од природни непогоди и други несреќи во 2020 година | 800.000,00 денари (посебна буџетска резерва/Совет на општина Ѓорче Петров) | 402.511,00 денари |

Од напред наведеното се гледа дека програмските цели во основа се реализирани, а делот кој не е реализиран е резултат на објективни и финансиски причини.

**Извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на општина Ѓорче Петров за 2021 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р**